СОВЕТ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ И НАДЗОР НАД СМЕТКОВОДСТВЕНАТА ПРОФЕСИЈА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
KËSHILLI PËR AVANCIMIN DHE MBIKËQYRJEN E PROFESIONIT TË KONTABILITETIT TË REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT

Врз основа на член 5 став (1) точка 9), а во врска со член 16 став (1) точка 4) и член 31 став (1) од Законот за вршење на сметководствени работи ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 173/22 и 47/25), Советот за унапредување и надзор над сметководствената професија на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Советот), на својата 6-та седница, одржана на 16.03.2026 година, усвои

НАСОКИ

за определување на економската вредност на сметководствениот труд

Предмет и применливост на Насоките
Член 1

(1) Со овие Насоки се уредува начинот на кој Институтот на сметководители и овластени сметководители на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Институтот) ќе придонесе кон обезбедување висок квалитет за вршење сметководствени работи за обврзниците за водење сметководство, со утврдување критериуми за определување на економската вредност на сметководствениот труд.

(2) Насоките се применливи за сите даватели на сметководствени услуги.

Цел на Насоките
Член 2

(1) Целта на Насоките е да се спречи деградација на сметководствената професија преку нелојална конкуренција и со обезбедување економична, ефикасна и ефективна алокација на ресурсите на давателите на сметководствени услуги за да можат, со должно професионално внимание, да извршуваат сметководствени услуги за потребите на обврзниците за водење сметководство.

Дефиниции на термини
Член 3

(1) Одделни термини употребени во овие Насоки го имаат следното значење:

1. **"Даватели на сметководствени услуги"** се сметководители, овластени сметководители, сметководители трговци – поединци, овластени сметководители трговци – поединци и друштва за вршење сметководствени работи, согласно со Законот за вршење на сметководствени работи ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 173/22 и 47/25).

2. **"Вршители на сметководствени работи"** се сметководители и овластени сметководители – членови на Институтот, согласно со Законот за вршење на сметководствени работи ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 173/22 и 47/25).

3. **"Правно лице – давател на сметководствени услуги"** е сметководител трговец - поединец, овластен сметководител трговец - поединец и друштво за вршење сметководствени работи, согласно со Законот за вршење на сметководствени работи ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 173/22 и 47/25).

4. **"Сметководствени услуги"** се сметководствени работи и други дополнителни услуги што ги вршат давателите на сметководствени услуги за обврзниците за водење сметководство, освен услугите кои опфаќаат работи на ревизија, уверување, процена и вештачење.

5. **"Сметководствени работи"**, како што се дефинирани во Законот за вршење на сметководствени работи ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 173/22 и 47/25), се идентификување, сортирање и обработка на податоци врз основа на сметководствени документи и водење на трговски/деловни книги за финансиските трансакции на обврзник за водење на сметководство, нивно анализирање, евидентирање и составување на годишна сметка и/или финансиски извештаи во согласност со Закон.

6. **"Работи на ревизија и уверување"** се работите што се извршуваат во согласност со Законот за ревизија ("Службен весник на Републилка Македонија" бр. 158/10, 135/11, 188/13, 43/14, 138/14, 145/15, 192/15, 23/16 и 83/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 122/21).

7. **"Работи на процена"** се работите што се извршуваат во согласност со Законот за процена ("Службен весник на Републилка Македонија" бр. 115/10, 158/11, 185/11, 51/12, 64/12, 188/14, 105/15, 153/15, 192/15 и 30/16).

8. **"Работи на вештачење"** се работите што се извршуваат во согласност со Законот за вештачење "Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 154/23).

9. **"Должно професионално внимание"** е етички принцип на професионална компетентност и должно внимание, согласно со Кодексот за етика на Меѓународната федерација на сметководителите.

10. **"Кодекс за етика на Меѓународната федерација на сметководителите"** е објавеното издание на Прирачникот на Меѓународниот кодекс за етика за професионалните сметководители (вклучувајќи ги и Меѓународните стандарди за независност) во "Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 273/24.

11. **"Мрежа на даватели на професионални услуги"** е мрежа од фирми, како што е уредено во секциите 400.50 – 400.54 од Кодексот за етика на Меѓународната федерација на сметководителите.

12. **"Стандардно водење сметководство"** е ажурно, дневно и рутинско евидентирање на економските настани и трансакции за одреден обврзник за водење сметководство врз основа на сметководствените принципи и правила.

13. **"Критериуми за определување на економската вредност на сметководствените услуги"** се основни правила кои давателите на сметководствени услуги треба да ги земат предвид при определувањето на економската вредност на сметководствениот труд за одреден обврзник за водење сметководство.

14. **"Индикативен параметар за пазарна одржливост во вршењето сметководствени работи"** е вредносна рамка за алокација на потребните ресурси на давателот на сметководствени услуги при стандардно водење сметководство за одреден обврзник за водење сметководство.

15. **"Ресурсен параметар за пазарна одржливост во вршењето сметководствени работи"** е квантитативна рамка за алокација на потребните ресурси, по број, вид и време, на давателот на сметководствени услуги при стандардно водење сметководство за одреден обврзник за водење сметководство.

16. **"Норматив на ефективни часови сметководствен труд"** е оптимално време коешто е потребно за извршување сметководствени услуги, за одреден обврзник за водење сметководство, од страна на вршител на сметководствени работи, со должно професионално внимание.

17. **"Сметководствен труд"** е збир на сите сметководствени услуги што давателот на сметководствени услуги ги извршува за одреден обврзник за водење сметководство за определен период.

18. **"Цена на сметководствена услуга"** е надоместок за вршење сметководствени работи од страна на давателите на сметководствени услуги за одреден обврзник за водење сметководство.

19. **"Инхерентен ризик"** е степен на веројатност обврзникот за водење сметководство да биде сторител или инволвиран во сторувањето кривични дела, особено кривични дела коишто се

поврзани и коишто се однесуваат на даночните измами, даночните затајувања, перењето пари, финансирањето тероризам и националното велепредавство, а којшто давателот на сметководствени услуги го изложува на обврски и одговорности, согласно со Закон, пропис или друг акт на државен орган или институција.

20. **"Даночен ризик"** е степен на веројатност обврзникот за водење сметководство да биде сторител или инволвиран во сторувањето прекршувања на даночната регулатива и регулативата со која се уредува плаќањето јавни давачки и такси, а којшто давателот на сметководствени услуги го изложува на обврски и одговорности, согласно со Закон, пропис или друг акт на државен орган или институција.

21. **"Дејност"** е деловна активност на обврзникот за водење сметководство.

22. **"Правно лице од јавен интерес"**, како што е дефинирано во Законот за ревизија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 158/10, 135/11, 188/13, 43/14, 138/14, 145/15, 192/15, 23/16 и 83/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 122/21) е акционерско друштво коешто котира на берза, акционерско друштво со посебни обврски за известување, согласно со Законот за хартии од вредност и трговско друштво коешто со посебен Закон е утврдено како правно лице од јавен интерес или за кое со посебен Закон се бара ревизија согласно истите правила како и за акционерските друштва коишто котираат на берза.

23. **"Контрола на квалитетот"** е контрола на работењето на правните лица – даватели на сметководствени услуги, којашто се врши согласно со Законот за вршење на сметководствени работи ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 173/22 и 47/25).

24. **"Период на ладење"** е временски период во кој давателот на сметководствени услуги не смее да извршува одредени сметководствени или други дополнителни услуги за одреден обврзник за водење сметководство, согласно со Закон, пропис, акт на надлежен орган или институција, и Кодексот за етика на Меѓународната федерација на сметководителите.

25. **"Портфолио на клиенти"** е збир на обврзници за водење сметководство кои давателот на сметководствени услуги ги опслужува со сметководствени или други дополнителни услуги во определен период, вклучувајќи ги и услугите кои опфаќаат работи на ревизија, уверување, процена и вештачење.

26. **"Волумен на трансакции"** е збир на сметководствени документи за одреден обврзник за водење сметководство во определен период, кој за давателот на сметководствени услуги создава обврска за креирање сметководствени исправи по квантитет, квалитет и суштина, во согласност со сметководствените принципи и правила.

27. **"Сметководствен документ"** е секој документ кој е креиран од страна на одреден обврзник за водење сметководство и кој претставува изворна исправа за неговите економски настани и трансакции, дејност и деловни односи.

28. **"Сметководствена исправа"** е секој документ кој е креиран од страна на давателот на сметководствени услуги во кој е евидентиран одреден сметководствен документ, согласно со сметководствените принципи и правила.

29. **"Сметководствени принципи и правила"** е збирка на прописи, стандарди и акти на надлежни органи и институции, со кои се уредува извршувањето на сметковдствените услуги.

Критериуми за определување на економската вредност на сметководствените услуги
Член 4

(1) При определувањето на економската вредност на сметководствените услуги, давателот на сметководствени услуги треба да ги земе предвид бројот на деловните промени, волуменот на трансакции, бројот на вработени, сложеноста на дејноста, степенот на даночен ризик и степенот на инхерентен ризик на обврзникот за водење сметководство, како и потребните

кадровски, технички и други ресурси за извршување на сметководствените услуги за потребите на обврзникот за водење сметководство.

Индикативен параметар за пазарна одржливост во вршењето сметководствени работи
Член 5

(1) Како индикативен параметар за пазарна одржливост во вршењето сметководствени работи, за обврзници за водење сметководство со низок и среден волумен на трансакции, се препорачува надоместокот за стандардно водење сметководство да се одмерува во соодветен сразмер од деловната активност на обврзникот за водење сметководство, со цел да се покријат трошоците за стручен кадар и лиценциран софтвер за водење сметководство.

(2) При определувањето сразмерот од став (1) на овој член, давателот на сметководствени услуги може да применува калкулативни стапки кои го рефлектираат односот помеѓу обемот на деловната активност на обврзникот за водење сметководство и неопходните ресурси за стандардно водење сметководство.

(3) Месечниот надоместок за стандардно водење сметководство може да се одмерува и врз основа на просечните месечни исплатени нето – плати по вработен за претходниот месец во Република Северна Македонија, согласно со објавените податоци од Државниот завод за статистика на Република Северна Македонија.

(4) Индикативниот параметар од став (1), став (2) и став (3) на овој член не треба да се користи како референтна, основна или очекувана цена при договарањето сметководствени услуги, ниту како основ за споредување, усогласување или ограничување на ценовното однесување на давателите на сметководствени услуги.

(5) Индикативниот параметар од овој член не смее да се користи како основа за утврдување, препорачување, и/или сугерирање на минимална, максимална или вообичаена цена на

сметководствените услуги, ниту како критериум за пазарното однесување на давателите на сметководствени услуги.

Ресурсен параметар за пазарна одржливост во вршењето сметководствени работи
Член 6

(1) Како ресурсен параметар за пазарна одржливост во вршењето сметководствени работи, за сите обврзници за водење сметководство, се препорачува надоместокот за стандардно водење сметководство да се определува врз основа на норматив на ефективни часови сметководствен труд, при што вкупните ефективни часови за стандардно водење сметководство не треба да биде под законски оправданиот минимум со кој се уредува работно време – работни часови, пауза, дневен и неделен одмор, дополнително и скратено работење и работно време, платено отсуство, боледување и слично, земајќи ја предвид просечната нето - плата по вработен во дејноста на давателите на сметководствени услуги во Република Северна Македонија, согласно со објавените податоци од Државниот завод за статистика на Република Северна Македонија.

(2) Законски оправданиот минимум со кој се уредува работното време треба да го опфати вкупниот сметководствен труд за портфолиото на клиенти на еден давател на сметководствени услуги, согласно со регулативата во Република Северна Македонија со која се уредуваат работните односи.

Сложеност на дејноста на обврзникот за водење сметководство
Член 7

(1) За дејности на обврзници за водење сметководство, како што се производство, градежништво, фармација, финансиски услуги, рударство, енергетика, меѓународна трговија, работа со државни субвенции и проекти финансирани од донатори, како и за други дејности за кои е неопходно водење зголемена аналитичка евиденција, индикативниот параметар за стандардно водење сметководство од член 5 на овие Насоки соодветно се прилагодува со цел да ја рефлектира зголемената потрошувачка на ресурси и потребното време за извршување на

сметководствените услуги за овие дејности, со должно професионално внимание од страна на давателот на сметководствени услуги.

(2) Работите на ревизија, уверување, процена и вештачење треба да бидат строго одвоени од сметководствените услуги, согласно со Кодексот за етика на Меѓународната федерација на сметководителите, при што, економската вредност на сметководствениот труд не може да биде директно, индиректно или на друг начин поврзана со економската вредност на професионалниот труд за вршење работи на ревизија, уверување, процена и вештачење кај ист обврзник за водење сметководство, односно за обврзник за водење сметководство кој е дел од домашна или меѓународна групација.

(3) Во случајот од став (2) на овој член, соодветно се применува Кодексот за етика на Меѓународната федерација на сметководителите, особено во делот на забраните за давање професионални услуги и периодот на ладење.

(4) Во случаите каде што регулативата и Кодексот за етика на Меѓународната федерација на сметководителите дозволуваат вршење на сметководствени услуги и работи на ревизија, уверување, процена и вештачење, економската вредност на сметководствениот труд не може да биде поголема од 70,00% од просечниот надоместок за вршење работи на ревизија, уверување, процена и вештачење во последните три години за обврзникот за водење сметководство, доколку обврзникот за водење сметководство е правно лице од јавен интерес.

(5) Одредбите во став (4) на овој член треба да ги применуваат и мрежите на даватели на професионални услуги.

Закани по независноста на човечките и другите ресурси на давателот на сметководствени услуги
Член 8

(1) Во случаите кадешто човечките и другите ресурси на давателот на сметководствени услуги се под притисок или друг вид на влијание од обврзникот за водење сметководство, како што се понуда за вработување, подароци, преземање (на пример, преземање работници, средства, капитал, обврски и слично), блиски релации, познанства, заплашување, застапување (на пример, извршување на готовински и банкарски трансакции во име и за сметка на обврзникот за водење сметководство, располагање со парични средства на обврзникот за водење сметководство, потпишување платни налози во име и за сметка на обврзникот за водење сметководство, креирање т.е. потпишување сметководствени документи за изворни економски настани и трансакции на обврзникот за водење сметководство и слично) и заканување (на пример, заканување со судски или правен спор заради преземање или непреземање одредена законска или договорна обврска од страна на давателот на сметководствени услуги и слично), давателот на сметководствени услуги треба да примени соодветни заштитни мерки за да ја заштити економската вредност на сметководствениот труд и тоа со примена на заштитни мерки коишто се дозволени согласно со регулативата, прописите и Кодексот за етика на Меѓународната федерација на сметководителите.

(2) Човечките и другите ресурси за вршење сметководствени работи, треба да бидат одвоени од вршењето работи на ревизија, уверување, процена и вештачење, со примена на етичките принципи и барања од Кодексот за етика на Меѓународната федерација на сметководителите.

Придонес кон квалитетот за вршење сметководствени работи заради заштита од нелојална конкуренција и неквалитетно извршување на сметководствените услуги
Член 9

(1) Понудувањето цена за вршење сметководствени услуги која не ги покрива основните оперативни трошоци на давателот на сметководствени услуги во однос на алоцираните

ресурси, вклучувајќи ги, но неограничувајќи се само на човечките ресурси, лиценцираниот софтвер за водење сметководство, дигиталните сертификати, континуираното професионално усовршување, директниот консалтинг за сметка на обврзникот за водење сметководство и потребното време, претставува висок ризик против квалитетот во вршењето сметководствени работи, само доколку, врз основа на конкретни и проверливи факти, се утврди дека поради начинот на организација на работата од страна на давателот на сметководствени услуги постои реална неможност за исполнување на законските и професионалните обврски, независно од висината на договорената цена сама по себе и може да биде предмет на вонредна контрола на квалитетот од страна на Институтот.

(2) При утврдувањето дали понудената цена за вршење сметководствени услуги е ризична за квалитетот во вршењето сметководствени работи, Институтот треба да ги земе предвид портфолиото на клиенти и неговата структура, како и бројот на вработени кај давателот на сметководствени услуги.

(3) Цената на сметководствената услуга треба да ги покрива трошоците за ангажирани човечки ресурси, лиценциран софтвер за водење сметководство, дигитални сертификати, континуирано професионално усовршување, директен консалтинг за сметка на обврзникот за водење сметководство и потребното време, за извршување на сметководствените услуги.

(4) Давателите на сметководствени услуги треба да ја утврдат цената на сметководствените услуги на начин и во висина која ќе овозможи ангажирање соодветен број вршители на сметководствени работи, соодветно на обврзникот за водење сметководство, обемот на работа, комплексноста на економските настани и трансакции и деловните односи на обврзникот за водење сметководство.

Договор за вршење сметководствени работи
Член 10

(1) Договорената цена за вршење сметководствени работи и начинот на нејзино утврдување треба да биде уредена во писмен договор помеѓу давателот на сметководствени услуги и обврзникот за водење сметководство, во кој треба јасно да биде наведено кои сметководствени услуги се опфатени со цената.

(2) Се препорачува во договорите за вршење сметководствени работи да се вгради клаузула за корекција на цената доколку приходот или волуменот на трансакции на обврзникот за водење сметководство отстапат за повеќе или помалку од 20,00%.

(3) Изработката на М1/М2 обрасци, пријава/одјава на работници, статистички извештаи, апликации за кредити, водењето деловни книги, пресметувањето плати и другите услуги кои не се дел од стандардното водење сметководство, како и застапувањето пред надлежните државни органи и институции во случаите на даночна контрола, контрола од управата за финансиско разузнавање, трудова контрола, пазарна инспекција и слично, треба се наплатуваат по посебна цена договорена помеѓу давателот на сметководствени услуги и обврзникот за водење сметководство.

(4) Договор за вршење сметководствени работи се склучува помеѓу правно лице – давател на сметководствени услуги и обврзник за водење сметководство, согласно со прописите од областа на вршењето сметководствени работи и облигационите односи.

Финансиско известување
Член 11

(1) Изработката и поднесувањето годишна сметка, финансиски извештаи, даночни пријави, даночни биланси и други даночни документи за сметка на обврзникот за водење

сметководство се сметаат за посебно високо - одговорен сметководствен труд и треба да се наплатуваат посебно.

Даночен консалтинг, оптимизација на трошоци и други услуги
Член 12

(1) Даночното советување, оптимизацијата на трошоците за потребите на обврзникот за водење сметководство, извршувањето услуги од итен карактер по налог или наредба од обврзникот за водење сметководство и услугите од областа на нефинансиското известување т.е. известувањето за одржливоста за сметка на обврзникот за водење сметководство, треба да се наплатуваат посебно.

Чување деловни книги
Член 13

(1) Чувањето деловни книги на обврзникот за водење сметководство, во електронска или физичка форма, за тековниот пресметковен период, е составен дел на сметководствените услуги и надоместокот за тоа треба да биде вклучен во цената за вршење сметководствени услуги.

Контрола на квалитетот
Член 14

(1) Институтот треба да врши контрола на квалитетот за да провери дали несоодветната алокација на ресурси и време, рефлектирана преку пазарните понуди, влијае на квалитетот на извршените сметководствени работи.

(2) Советот може да иницира и да учествува во контролата на квалитетот од ставот (1) на овој член, во случај на подесена претставка директно до Советот.

(3) Контролата на квалитетот став (1) и став (2) на овој член не претставува контрола на цените на сметководствените услуги, ниту оценување на нивната висина, туку проверка на усогласеноста на извршените сметководствени работи со законските, професионалните и етичките барања за вршење сметководствени работи.

(4) Висината на договорената цена, споредбата на цените помеѓу давателите на сметководствени услуги или нивното пазарно позиционирање не смеат да бидат предмет на оценување, анализа или споредување од страна на Институтот.

Други прописи за набавка на сметководствени услуги
Член 15

(1) Овие Насоки се во функција на фер вреднување на сметководствениот труд и не претставуваат задолжителен фиксен тарифник за цените на сметководствените услуги.

(2) Индикативниот параметар за пазарна одржливост во вршењето сметководствени работи од член 5 на овие Насоки не претставува ниту задолжителна, ниту минимална, ниту максимална цена на сметководствени услуги, туку ориентациона рамка за пазарна одржливост во вршењето сметководствени работи, при што, секое отстапување треба да биде образложено во однос на бројот на деловните промени, волуменот на трансакции, бројот на вработени, сложеноста на дејноста, степенот на даночен ризик и степенот на инхерентен ризик на обврзникот за водење сметководство, како и во однос на потребните кадровски, технички и други ресурси за извршување на сметководствените услуги за потребите на обврзникот за водење сметководство.

(3) Насоките не ги заменуваат, дополнуваат, укинуваат или поништуваат законите, прописите и другите акти за заштита на конкуренцијата во Република Северна Македонија и не се применуваат во случај на јавна набавка на сметководствени услуги од страна на државните органи и институции на Република Северна Македонија.

(4) Овие Насоки не смеат да се толкуваат или применуваат на начин што би довел до директно или индиректно ограничување на ценовната конкуренција, усогласување на цените или нарушување на слободното пазарно формирање на цените за сметководствени услуги, ниту претставуваат препорака за координација на цените, условите или другите елементи, во смисла на прописите од областа на заштитата на конкуренцијата

Обврска за усвојување, изменување и дополнување на подзаконските акти на Институтот
Член 16

(1) Институтот има обврска да ги измени и дополни неговите акти, со кои се уредува вршењето контрола на квалитетот на давателите на сметководствени услуги, најдоцна до 31.12.2026 година и истите да ги достави на согласност до Советот.

(2) При изменувањето и дополнувањето на актите од став (1) на овој член, Институтот има обврска да постапува согласно со доставените укажувања од Советот.

(3) Управниот одбор на Институтот има обврска да ги утврди содржините на сметководствените работи, основните, главните и дополнителните цели, задачи и предмет за вршење сметководствени работи, согласно со законската регулатива од областа на вршењето сметководствени работи и овие Насоки, заклучно до 30.06.2026 година.

(4) Актот на Управниот одбор на Институтот од став (3) на овој член може да се применува по добивањето согласност од страна на Советот.

(5) Заради доследно спроведување и извршување на овие Насоки, Институтот може да усвои Методологија за определување на цената на сметководствени услуги и Препораки за техничка примена на овие Насоки, кои можат да се применуваат по добивањето согласност од страна на Советот.

(6) Методологијата за определување на цената на сметководствени услуги од став (5) на овој член не претставува акт за задолжителен тарифник за цените на сметководствените услуги, туку акт со кој се уредува методот за определување на цените на сметководствените услуги врз основа на реално потребните ресурси за квалитетно извршување на сметководствените работи.

Преодни и завршни одредби
Член 17

(1) Овие Насоки влегуваат во сила со денот на нивното усвојување од страна на Советот и ќе се применуваат до усогласувањето и усвојувањето на општите акти на Институтот, како што е уредено во член 16 од овие Насоки.

(2) Се препорачува давателите на сметководствени услуги да се усогласат со овие Насоки заклучно до 31.12.2026 година.

Бр. / Nr. 02-10/9

Датум / Data 16.03.2026 год. / vit

Претседател на Советот

д-р Дарко Дачевски